## IN MEMORIAM

### МАНОЈЛО ВЕЛИЌ



На 8. 07 1979 година почина и засекогаш не напушти нашиот колега, другар и соработник, Манојло Велиќ професор по историја во Гимназијата „Орце Николов" Скопје.

Жалната вест за загубата на драгиот Мано ја примивме во моментот кога школските клупи беа празни, училишната зграда пуста и кога сите ние учениците и професорите се наоѓавме на летниот распуст. Болно одекна тажната вистина дека човекот, кој беше толку енергичен, неуморен и толку желен за живот засекогаш се разделува од нас. Ние кои работевме со него и сите кои го познававме не можевме да поверуваме дека така брзо по многу кратко боледување ќе згасне животот на професорот, кој до скоро, до почетокот на второто плугодие беше меѓу нас, на своето работно место меѓу своите сакани ученици и колеги. Тешката болест го оттргна во годините на животот кога можеше уште многу да даде и да биде полезен за сите.

Роден на 15. 11. 1929 година во село Долац — Иванград, Црна Гора, Манојло Велиќ потекнувал од многучлено селско семејство. Уште од најрана возраст учествувал на многу сојузни, младински акции: Брчко Бановиќи, Шамац Сараево, Автопатот и други. По завршување на гимназија се запишал на филозофскиот факултет во Белград — група историја, каде и дипломира. Во редовите на СКЈ стапи во 1951 година и бил секогаш негов активен член.

Во текот на својот живот работел во Народниот одбор во Тузла, во Политичката школа на Централниот комитет на СКМ како раководител на библиотека, а од 1. 09. 1963 година, па сѐ до смртта, во Гимназијата „Орце Николов" Скопје.

Како професор по историја учел и воспитувал многу генерации на ученици, давајќи им солидни знаења и правилен идејно-политички и марксистички поглед на светот. Своите ученици ги советувал како родител, педагог и комунист. Неговите предавања беа исполнети со наглед‑

ност, научност, патриотизам, со идеите и ставовите на Сојузот на комунистите на Југославија, со духот на братството и единството на Југословенските народи и народности. Не жалел ни труд ни време да организира научни екскурзии со учениците низ целата наша татковина, посетувајќи ги историските места на народноослободителната борба, како и посета на Големиот школски час во Крагуевац. Ни една манифестација, прослава и одбележување на историски јубилеи не минала без негово учество и подготовка. Бил активен член во сите органи на самоуправувањето: претседател на Советот на работната заедница, претседател на Синдикалната организација во Гимназијата, член на Комисијата за народна одбрана во училиштето, како и делегат од Гимназијата во СИЗ за социјална заштита. Посебно е за одбележување неговата активност во соработката на училиштето и ЈНА во сплотувањето на младите. Бил ментор на многу студенти од Филозофскиот факултет, кои хоспитирале во Гимназијата и на кои им давал голема стручна помош, придонесувајќи што подобро методски, педагошки да се квалификуваат и посолидно да се вклучат во процесот на образованието. Бил секогаш присутен на конгресите на Југословенските историчари, стручни состаноци и симпозиуми и настојувал добиените знаења да ги пренесе и примени на своето работно место. Во својата средина бил сакан, ценет и почитуван како примерен работник, голем другар и човек.

Чувствувајќи ја силно загубата настаната со смртта на колегата Манојло Велиќ вработените во Гимназијата „Орце Николов", многубројните генерации на учениците, студенти, соработници, пријатели и блиски, ќе го зачуваат споменот за него во трајно сеќавање.

Радмила ПАНГОВСКА